# Клаузула за општествена одговорност на ЕВН групацијата

**Добавувачот изјавува дека е запознаен со содржината на клаузулата за општествена одговорност, која е обврзувачка и за ЕВН групацијата и која ќе ја запази при извршувањето на неговите достави/услуги. Нарачателот го има правото во секое време да го провери придржувањето до оваа клаузула. Во случај на кршење на ова задолжение нарачателот има право да бара преговарање за повторно воспоставување на условите од договорот. Доколку Добавувачот не го исполни ова барање во рок од еден месец или утврдениот недостаток не го отклони или поправи во заеднички утврдениот рок, нарачателот има право веднаш да го раскине договорот. Доколку Добавувачот одбива да ги изврши или ги спречува овие проверки, нарачателот има право веднаш да го раскине договорот. Освен тоа Добавувачот дополнително се обврзува да ги пренесе овие задолженија на своите Добавувачи и под-Добавувачи со извршувањето на следните основни уредби и принципи.**

1. Признавање на човекови права. Од нашите Добавувачи како и нивните под-Добавувачи се очекува да ја признаат и поддржат Декларацијата на човекови права на Обединети нации, како и да гарантираат дека не се вклучени во нарушување на човечките права.
2. Без работа на деца и принудна работа. Нашите Добавувачи и нивните под-Добавувачи при производството на нивните продукти или при извршување на нивните услуги нема да користат ниту пак ќе поддржат работа на деца, принудна работа или друг недоброволен труд според конвенцииите на интернационалната организација на трудот (ИЛО).
3. Без дискриминација и малтретирање на работно место. Со секој вработен треба да се постапува со респект и достоинство. Ниту еден работник не треба да биде физички, психички, сексуално или вербално малтретиран, дискриминиран или злоупотребен поради неговиот пол, раса, религија, неговата возраст, потекло, хендикеп, сексуална и политичка определеност или поглед на свет.
4. Здравствена заштита и сигурност на работно место. Треба да се гарантира дека нашите Добавувачи или нивните под-Добавувачи им гарантираат на нивните вработени здравствена заштита и сигурност на работното место со тоа што ги запазуваат соодветните закони и прописи. Мора да биде овозможен слободен пристап до питка вода, санитарни простории, соодветна опрема за заштита од пожар, осветлување, вентилација и ако е неопхпдно # соодветна опрема за лична заштита. Вработените треба да бидат обучени за исправно користење на заштитната опрема и за познавање на општите одредби за безбедност.
5. Работни и социјално правни прописи. Нашите Добавувачи и нивните под-Добавувачи се обврзани при спроведување на порачките да се придржуваат до важечките работни и социјално правни одредби од соодветната земја на извршување.
6. Транспарентност на работно време и плата. Работното време треба да биде во согласност со важечките закони. Вработените кај нашите Добавувачи и нивните под-Добавувачи треба да имаат договори во кои е утврдено фиксното работно време и платата.
7. Заштита на животна средина. Ние очекуваме од нашите Добавувачи и нивните под-Добавувачи дека во рамките на нивната претприемачка дејност ќе ги запазат соодветните закони и подзаконски акти за заштита на животната средина и дека при извршување на нивните услуги/испораки соодветно ќе ги проценат економските, еколошките и социјалните аспекти и на тој начин да ги земат во предвид принципите на постојаниот развој.
8. Намалување на користење на ресурси, отпад и емисии. Постојаното подобрување при ефикасното користење на ресурсите е важен дел на управувањето и раководењето на фирмата. Нашите Добавувачи и нивните под-Добавувачи треба да го минимизираат исфрлањето на отпадот од секаков вид како и емисииите во воздух, во вода или во земја.
9. Високи етички стандарди. Ние очекуваме од нашите Добавувачи и нивните под-Добавувачи дека ќе покажат високи стандарди на етика во фирмата, да ги запазат соодветни државни закони (особено работните, законот за заштита на конкуренција, картелните договори и законот за заштита на потрошувачи) и на никаков начин да не се впуштаат или да земат учество во корупција, подмитување, измама или изнудување.
10. Транспарентни деловни односи. Нашите Добавувачи и нивните под-Добавувачи не треба да нудат, бараат, гарантираат или примаат подароци, плаќања или било кој друг вид на вакви предности и активности, кои што може една личност да наведат да ги прекрши своите задолженија.
11. Право на собир и штрајк. Лицата вработени кај нашите Добавувачи и под-Добавувачи траба да имаат можност во рамките на законските одредби на земјата во која што работат да учествуваат во собири и штрајкови без да стравуваат од последици.